ИЗВЕШТАЈ

за работењето на Институтот за истражување
на општествениот развој РЕСИС Скопје во 2025 година

Вовед

Институтот РЕСИС е основан во март 2017 година, а активно почнува да работи од јануари 2018 година. Тимот на РЕСИС е составен од експерти во различни истражувачки области[1], од надворешни истражувачи и експерти со кои РЕСИС соработува врз долгорочна основа[2], како и од група новинари кои учествуваат во иницијативата Локал Актив што Институтот РЕСИС ја реализира во Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот регион[3].

Главната мисија на РЕСИС е да придонесе за позитивна општествена промена во неколку клучни области на општественото и политичкото опкружување, преку подигнување на квалитетот на општествените истражувања, како и преку поддршка на развојот на непрофитните локални медиуми во земјава. РЕСИС особено особено е активен во спровеувањето акциски истражувања чија главна карактеристика е учество во истражувачкиот процес на претставниците на самата заедница која треба да ја спроведе општествената промена.

Преглед на реализирани проекти во 2025 година

(1) *Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење*
(октомври 2025 – август 2027 година)

Во август 2025 година Институт РЕСИС доби трето (двегодишено) продолжување на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење" (Локал Актив), поддржан од Националната фондација за демократија на САД (National Endowment for Democracy). Ова е трет циклус на овој проект чија цел е да го поттикне развојот на

[1] Во тимот на РЕСИС се: д-р *Снежана Трпевска*, д-р *Игор Мицевски*, *Јулијана Младеновска*, *Слаѓан Пенев*, *Даниел Евросимовски*, *Љубинка Поповска Тошева*, *Ѓорѓи Митревски* и *Марија Нашоковска*.

[2] Во тимот од надворешни соработници на РЕСИС во периодот 2021 до 2025 година учествуваа: д-р *Ана Фрицханд* и д-р *Билјана Блажевска Стоилковска* (Институт за психологија при Филозофскиот факултет од Скопје), д-р *Марина Тунева* (независна експертка за медиуми), м-р *Емилија Петреска Камењарова* (експертка за медиумски политики), *Билјана Георгиевска* (експертка за етика и саморегулација), *Герман Филков* (експерт за застапување), *Едљира Палоши* (истражувач), *Сотир Ристо* (истражувач).

[3] *Владо Апостолов* и *Васко Попетрески* (од Скопје), *Весна Коловска, Викторија Димитрова, Тони Ајтовски*, *Кристијан Трајчов*, *Ване Трајков, Зоран Ѓорѓиев, Сузана Мицева, Горан Лефков* (од Источен и Југоисточен регион), *Ристе Панов, Светлана Дарудова, Орце Костов, Мирјана Трајкова, Убавка Јаневска, Мики Трајковски* (од Вардарскиот регион), *Светлана Ристеска, Марјан Танушевски, Жанета Здравковска, Емилија Мисирлиевски, Филип Етмишовски, Филип Димкоски, Анета Шијакова* (од Пелагонискиот регион).

медиумите на заедницата во три региона на земјата: Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион.

Медиумите на заедницата се непрофитни форми на медиуми (радио, ТВ, принт, онлајн) што функционираат во служба на локалната заедница и со учество на волонтери од локалната заедницата. Тие се исклучително важни за демократијата на едно општество, бидејќи преку нив граѓаните во малите средини можат да добијат гласност во јавната сфера и да ги искажат своите проблеми и загриженост, а од друга страна институциите на локално и на државно ниво подобро да се информираат за локалните проблеми и да одговорат на општествените барања на граѓаните.

Во рамки на поширокатa иницијатива Локал Актив, во изминатите два циклуси РЕСИС: (i) го унапреди концептот за медиумите на заедницата како заеднички потфат на локалните граѓански организации, нивните активисти и локалните новинари; (ii) го примени овој концепт во праксата преку основање два медиуми на заедницата *Локал Актив* Исток и *Локал Актив Вардар*, со соодветни редакции кои продуцираат локални стории и вести; (iii) од произведените содржини кристализираше низа јасни општествени барања на локалните заедници, и (iv) ги трансформираше тие општествени барања во 'агенди за акција'. Во ова мноштво меѓусебно поврзани активности, РЕСИС создаде екосистем со кој локалните актери на граѓанското општество беа охрабрени да развијат свои органски идеи за промените што сакаат да ги направат во нивната заедница.

Потврдувајќи го досегашниот успех на иницијативата и учејќи од предизвиците, во оваа нова (трета) фаза РЕСИС ја надградува главната линија на дејствување со зголемување на политичкото влијание на локалните заедници, во периодот пред и по локалните избори во земјата во 2025 година.

(2) *Медиуми на заедницата за граѓански ангажман – Трансформирање на општествените барања во општествена акција*
(јануари 2025 – декември 2026 година)

Резултатите од иницијативата Локал Актив, постигнати во минатите три години во насока на создавање на трајна инфраструктура на медиуми на заедницата во земјава, беа препознаени и од Европската унија, која почнувајќи од јануари 2025 година го поддржа формирањето на медиум на заедницата во трет регион во земјава – Пелагонискиот.

Во текот на првата година од имплементацијата на проектот, беше постигнат значителен и мерлив напредок кон постигнување на главната цел на иницијативата Локал Актив: поттикнување нови партиципативни иницијативи кои ја зајакнуваат слободата на изразување, го

збогатуваат медиумскиот плурализам и ја засилуваат локалната демократија. Во 2025 година беше формирана редакција и подигната трета онлајн платформа – Локал Актив Пелагонија. Новоформираната платформа произведе десетина истражувачки/аналитички стории и стотина вести во текот на првата година, на теми поврзани со: животната средина, социјалната нееднаквост, учеството на младите, дискриминацијата, проблемите со инфраструктурата и пристапот до здравствени услуги и др.

Важно е да се напомене дека продукцијата на содржини беше проследена со организираниформи на обука на новинарите и активистите од сите три редакции: работилници за унапредување на вештини за пишување и за изработка и спроведување на циклуси на застапување, што резултираше со подигнување на нивото на професионализација во трите редакции.

Во рамки на проект, во јули 2025 година, РЕСИС објави повик и додели грантови за 14 иницијативи за застапување на локални ГО кои ќе се вклучат во иницијативата Локал Актив – со тоа што ќе креираат аналитички приказни за локални проблеми и ќе спроведуваат активности за застапување за решавањена тие проблеми. Во транспарентна постапка, тимот за евалуација на РЕСИС избра 15 предлози, но по завршувањето на постапката, една од избраните организации се откажа од имплементацијата. Како резултат на тоа, 14 организации потпишаа договори и започнаа со имплементација на грантови: 6 од Пелагонискиот регион, 4 од Вардскиот регион и 4 од Источниот регион.

(3) *Мониторинг на медиумскиот плурализам во дигиталното време*
(од септември 2025 до јуни 2026 година)

Во соработка со Центарот за медиумски плурализам и медиумски слободи од Фиренца (CMPF), тимот на РЕСИС продолжи да го спроведува истражувањето за состојбата со медиумскиот плурализам во земјава, во 2025 година. Проектот Мониторинг на медиумскиот плурализам во дигиталното време е сеопфатен научно-истражувачки зафат кој има за цел да ја процени виталноста на медиумските екосистеми и заканите за медиумските слободи и плурализмот во европските земји.

Проектот се реализира во сите земји членки на ЕУ, како и во неколку земји-кандидатки за членство. Во Република Северна Македонија прв пат ваква студија беше изработена во 2017 година. Од резултатите од истражувањето беше согледана состојбата во четири главни области: Базична заштита, Плуралност на пазарот, Политичка независност и Социјална инклузивност. Проектот го координира Центарот за медиумски плурализам и медиумски слободи од Фиренца, а е финансиран со поддршка на Европската унија.

(4) *Индикатори за нивото на медиумските слободи и Индекс на безбедноста на новинарите од Западен Балкан*
(април 2023 – јули 2026 година)

Во рамки на новиот четиригодишен циклус на проектот поддржан од Европската комисија – Регионална платформа за застапување за медиумски слободи и безбедност на новинарите од Западен Балкан – Safejournalists Network, го избра Институтот РЕСИС како истражувачка организација - координатор на истражувањето „Индикатори за нивото на медиумските слободи и Индекс на безбедност на новинарите од Западен Балкан".

Во претходниот циклус на овој проект, истражувачите на РЕСИС ја развија Методологијата за оценка на нивото на медиумските слободи и за мерење на безбедноста на новинарите, според која новинарските здруженија во седум земји од Западен Балкан, спроведуваа две посебни истражувања: (1) Индикатори на нивото на медиумските слободи и безбедноста на новинарите од Западен Балкан; и (2) Индекс на безбедност на новинарите од Западен Балкан.
Достапно на: https://safejournalists.net/

(5) *Работнички права за независно новинарство*
(јануари 2023 – јуни 2025 година)

Во втората половина на 2025 година, Институтот РЕСИС во партнерство со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), ги спроведе завршните активности на проектот „Работнички права за независно новинарство", поддржан од Европската Комисија. Главната цел на проектот да се постигне ефективна заштита на работните и социјалните права на новинарите и медиумските работници преку воспоставување стратешки, сеопфатен и одржлив социјален дијалог меѓу ССНМ, раководните структури на медиумските организации и државните институции надлежни за медиумската политика.

Во текот на 2023 и 2024 година, во рамки на проектот, беа спроведнеи повеќе активности: мапирање на популацијата новинари и медиумски работници; анкета на состојбата со работничките права на новинарите и медиумските работници; беше објавена публикацијата „*Работните услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници*", беа одржани низа работни средби со новинари и медиумски работници ширум републиката и беше изработена Стратегија на ССНМ за периодот 2025-2029 година.

Во 2025 година беше усвоена *Повелба за професионални и работни*

права на новинарите и медиумските работници, беше остварена меѓународна мисија во земјава со експерти и претставници на Европската федерација на новинари и беше одржана завршната конференција на проектот, на тема: „*Стратегиски пристап во одбрана на новинарскиот интегритет: Како да се справиме со неодржливоста на медиумите, ниските плати и прекувремената работа во новинарската професија*?"

(6) *Студија Светови на новинарството – Worlds of Journalism Study* (јануари 2024 – јуни 2025 година).

Врз основа на Методологијата развиена од Извршниот комитет на светската студија Светови на новинарството, тимот на РЕСИС за прв пат спроведе анкета на репрезентативен примерок на новинари од Република Северна Македонија. Податоците добиени од анкетата се објавени во рамки на третиот циклус на студијата 2021-2025 година со кој се опфатени 75 земји. Во аналитичкиот фокус на овој циклус се неизвесноста и безбедносните ризици со кои се соочуваат новинарите ширум светот, како и начините на кои се справуваат и адаптираат на овие предизвици во различните политички, социо-економски и културални контексти во кои работат.

Врз основа на теоретската рамка на студијата, со анкетата беа истражени перцепциите на новинарите за ризиците во следниве области што се клучни за новинарсските практики: уредувачка автономија, влијанија врз новинарството, новинарски улоги, професионална етика, безбедност и отпорност на новинарите и работните услови.

Извештајот за Македонија е објавен на Веб страната на Светови на новинарството, во 2025 година.